ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

# ПРОГРАМА

# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

**Декември, 2025 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 14 став (4) од Законот за јавните патишта (''Службен весник на РМ'' бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.174/21 и 253/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на седмата седница одржана на 24 декември 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат финансиските средства за изградба, реконструкција и рехабилитација, како и за редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта во надлежност на Општина Гази Баба за 2026 година, нивниот распоред и користење по намени.

### II. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација како и за редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта во Општина Гази Баба за 2026 година се утврдуваат во износ од 63.600.000,00 денари, што ќе се остварат од следниот извор:

- Од ЈП за државни патишта на РМ (средства за 2026 година) - 5.800.000,00 денари; и
- Од Буџетот на Општина Гази Баба (средства за 2026 година) - 57.800.000,00 денари, претставени во табеларниот приказ даден во прилог.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2026 ГОДИНА**

## III. РАСХОДИ

**Расходите во висина на приходите во износ**

| Бр. | | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА: БУЏЕТ НА ОГБ содржани во ФА | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ (ЈП за државни патишта) | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Ј6 | За редовно одржување со крпење на ударни дупки на локалните патишта и улици и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 6,000,000.00 | | 0.00 | | | | **6,000,000.00** |
| 2 | Ј6 | Инвестиционо одржување (надградба со зајакнување на коловозни конструкции) на пристапни улици и патишта, кои претставуваат делници на локален пат и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 44,800,000.00 | | 5,200,000.00 | | | | **50,000,000.00** |
| 3 | ЈД | Предвидено зимско одржување на ЛГБ 1, ЛГБ 4, ЛГБ 8, ЛГБ 2 и улици во надлежност на општината | | 7,000,000.00 | | 600,000.00 | | | | **7,600,000.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | | ВКУПНО | | **57,800,000.00** | **0.00** | **5,800,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **63,600,000.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | | Структура во % | | **90.88** | **0.00** | **9.12** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | |

**IV. Преглед на планирани приходи и расходи**

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно планирани приходи: | | 63.600.000,00 ден. |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | 63.600.000,00 ден. |
| Вкупно планирани расходи: | по точка 3.1 | 6.000.000,00 ден. |
| | по точка 3.2 | 50.000.000,00 ден. |
| | по точка 3.3 | 7.600.000,00 ден. |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | 63.600.000,00 ден. |

**V. Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа програма, надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, е во согласност со планираните средства во Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

**Број 09-10072/20**
**од 24.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски, с.р.**